П Р Е Д Л О Г
на Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија,

Скопје, декември 2008 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКНОТ

Условите и начинот на вршење на трговија на внатрешниот и надворешниот пазар, мерките на ограничување на вршење на трговијата и заштитните мерки се уредени со Законот за трговија („Службен весник на РМ" бр. 16/2004, 128/2006, 63/2007 и 88/2008).

Предложените дополнувања на овој закон се во насока на : иземање на трговците кој вршат дејност од мал обем од обврската да обезбедат фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаЌања и забрана на купување и продажба на енергетски пијалаци на лица под 18 години.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е да се направи ослободување од обврската за за фискализација на вршењето на трговијата од мал обем и да се превенира штетното влијание на енергетските пијалаци врз здравјето на децата.

Законот, чие донесување се предлага се засновува на истите начела на кои се заснова и основниот текст на Законот.

Предвидените решенија од Законот чие донесување се предлага се во насока на забрана на купување и продажба на енергетски пијалаци на лица под 18 години.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за трговија не предизвикуваат фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените дополнувања на Законот за трговија не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

## Член 1

Во Законот за трговија („Службен весник на РМ” бр. 16/2004, 128/2006, 63/2007 и 88/2008), во членот 14 во став 4 зборот “ставот 2 “ се заменува со зборовите “ ставот 3”

## Член 2

Во членот 24, во ставовите 1, 2 и 3, по зборот „алкохолни” се додаваат зборовите „и енергетски”.

## Член 3

Во членот 56 став 1 точка 13) по зборот „алкохолни” се додаваат зборовите „и енергетски”.

## Член 4

Во членот 57-а став 3 по зборот „алкохолни” се додаваат зборовите „и енергетски”.

## Член 5

Обврската од член 14 став 1 од овој закон за користење на фискален систем на готовински плаќања ќе се применува по денот на пристапување на Република Македонија во членството на Европската Унија, освен за корисниците на продажните места кои се регистрирани како трговски друштва**.**

## Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗАКОН

Со предложените измени на членот 14 став 1 од овој закон се одлага обврската за користење на фискален систем на готовински плаќања до денот на пристапување на Република Македонија во членството на Европската Унија, освен за корисниците на продажните места кои се регистрирани како трговски друштва.
Исто така, согласно Конвенцијата за правата на детето, Република Македонија како потписничка има обврска да се грижи во сите активности кои се однесуваат на деца од примарно значење да биде најдобриот интерес на децата и на децата да им се обезбеди највисоко ниво на здравствена заштита, меѓу другото и при исхраната, при што родителите и децата, меѓудругото, треба да бидат информирани за основните значења за здравјето и за исхраната на детето.

Здравствените истражувачи во неколку медицински центри во светот укажуваат дека редовното консумирање енергетски пијалаци не предизвикуваат лошо однесување, но ги предупредуваат родителите дека нивните деца се со поголема веројатност да преземат ризици по нивното здравје и безбедност. Според мислењето на директорот на Клиниката за токсикологија во Скопје, претерано или зачестено консумирање на енергетскиот пијалок „Ред Бул” кај возрасните лица предизвикува сериозни оштетувања на нервниот систем, а страда и срцето, додека децата никако не би требало да ја консумираат оваа напивка. Заради неколкуте случаи на смрт поради предозираност од овој енергетски пјалак, истиот бил забранет за увоз во Норвешка, Данска, Уругвај и Исланд, а во Франција на пијалакот била воведена во 2000 година, но забраната била укината откако тауринот во „Ред Бул” бил заменет со друга состојка.

Тргнувајќи од определбите дека идеите и моќта кои во себе ги носат младите се нашиот главен сојузник во остварувањето на визијата за создавање на демократска, модерна, просперитетна и европски ориентирана Република Македонија, државата, во Националниот план за акција за правата на децата во Република Македонија (2006-2015) дефинира политика во однос на правата на децата со која ќе се обезбеди воспоставување на стандарди кои ќе овозможат соодветно ниво на заштита на правата на детето, вклучувајќи ја и здравствената заштита.

Со цел да се превенира штетното влијание на енергетските пијалаци врз здравјето на децата се предлагаат измени во Законот за трговија во насока на забрана на купување и продажба на енергетски пијалаци на лица под 18 години.

Во членот 27 се предвидува трговецот на мало покрај алкохолни пијалаци и цигари, да не смее да врши продажба и на енергетски пијалаци на лица на возраст под 18 години, но и забрана на купување на енергетски пијалаци од страна на лица на возраст под 18 години. Исто така трговецот ќе биде должен на видно место да истакне натпис за забрана на продажбата на енергетските пијалаци.

Во делот на казнените одредби, во членот 56 став 1 точка 13) се предвидува прекршок за правно лице кое врши продажба на енергетски пијалаци на лица со возраст под 18 години, за што е пропишана глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност, односно глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице, 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице, а предвидена е глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност за истиот прекршок за физичко лице.

Во членот 57-а став 3 се предлага да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на родител или старател на дете, односно штитеник ако неговото дете, односно штитеник со возраст под 18 години купува енергетски пијалаци.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со дополнувањата на Законот за трговија се предвидуваат дополнувања во глава ИИИ Услови за вршење на трговија во однос на трговијата со енергетски пијалаци и соодветни дополнувања во глава ИВ Казнени одредби, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените дополнувања на Законот за трговија се утврдуваат ограничувања во условите за вршење на трговија во однос на трговијата со енергетски пијалаци, проследени со соодветни дополнувања на казнените одредби за правните и физичките лица кои не се придржуваат кон овие законски решенија.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ШТО СЕ ДОПОЛНУВААТ

### Член 14

Трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало е должен да обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно со закон.

Трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало, под услови пропишани со закон и друг пропис, ги издава продажните места само на трговци или занаетчии кои се регистрирани во соодветниот регистар, земјоделските производители кои се регистрирани, односно евидентирани согласно со закон, лицата кои се занимаваат со земјоделство, како и лицата кои се во работен однос или се пензионери, а не се вршители на земјоделска дејност и кои имаат обезбедено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, освен ако со закон поинаку не е уредено.

Работното време на зелените пазари на кои се врши трговија на големо и мало го определува советот на општината, односно на Градот Скопје.

Трговецот од став 1 на овој член е должен да утврди и истакне пазарен ред и да се придржува на пазарниот ред и работното време определено со став 2 на овој член.

### Член 24

Трговецот на мало не смее да врши продажба на алкохолни пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години.

Трговецот е должен на видно место во продажниот објект да истакне натпис со големина 20 х 50 см со содржина „забранета е продажба на алкохолни пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години”.

Се забранува купување на алкохолни пијалаци од страна на лица со возраст под 18 години.

### Член 56

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:

1) без да е регистриран во соодветниот регистар согласно закон врши трговија и дава услуги во трговијата (член 2 став 2);

2) врши трговија на големо на пазарите на мало или врши трговија на мало на пазарите на големо (член 7);

3) на зелените пазари и посебно организираните делови на зелените пазари врши трговија на големо и мало на други стоки кои не се определени од страна на Советот на општината, односно од Градот Скопје (член 13 став 4);

4) на посебно организирани пазари врши трговија на стоки кои не се наведени во член 15 од овој закон;

5) врши трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од улични продавачи на места кои не се определени од Советот на општината, односно од Градот Скопје (член 16 став 3);

6) вршителот на трговија од врата на врата врши продажба на производи кои не се определени од Владата (член 20 став 2);

7) не доставил евиденција на продавачи од врата до врата до надлежниот орган за јавни приходи на подрачјето на општината односно на Градот Скопје (член 20 став 4);

8) пушта во промет стоки кои не се спакувани, декларирани, означени односно обележани согласно со закон (член 21 став 1);

9) врши продажба на алкохолни пијалаци без да поседува лиценца за продажба на алкохолни пијалаци (член 23-а став 1);

10) не истакнал лиценца за продажба на алкохолни пијалаци на видно место во продажниот објект (член 23-а став 7);

11) врши продажба на алкохолни пијалаци во продавница во состав на бензинска станица, во продавница во состав на зелен пазар и преку киоск во трговијата (член 24-а став 1);

12) врши продажба на алкохолни пијалаци од19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден (член 24-а став 2);

13) врши продажба на алкохолни пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години (член 24 став 1);

14) не води евиденција за набавка и продажба на стоките како и за вршење на трговски услуги согласно со закон или други прописи (член 28 став 1):

15) евиденцијата не се наоѓа во соодветната деловна просторија во која се врши трговијата и во секое време не биде достапна на надлежните инспекциски органи (член 28 став 2).

Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од став 1 од овој член.

За дејствијата од став 1 точка 1, 4, 5, 6, 8, 9, 11, 12 и 14 од овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предметите – стоките.

Член 57-а

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое купува алкохолни пијалаци од19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден ( член 24-а став 3).

Државниот пазарен инспектор за прекршокот од став 1 на овој член може да изрече мандатна казна во износ од 50 евра во денарска противвредност.

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родител или старател на дете, односно штитеник ако неговото дете, односно штитеник со возраст под 18 години купува алкохолни пијалаци ( член 24 став 3);

За прекршоците од овој член прекршочната постапка ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежниот суд.